РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Општинско Основно училиште
Браќа Миладиновци
Бр. 02-322/7
13.07.2023 год.
Општина Аеродром, Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА
## 2021-2022 И 2022-2023 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ

БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ-АЕРОДРОМ, СКОПЈЕ

***Податоци за контакт:***
**Тел:** (02) 2460-479
**факс**: (02) 2464-312
**e-mail:** brakamiladinovci_skopje@yahoo.com
**web site**: *oubrakamiladinovci-aerodrom.edu.mk*
*FB:https://www.facebook.com/brakamiladinovci.skopje*

**Август 2023 год. Скопје**

Содржина:

Училишна комисија за самоевалуација....................2
Општи податоци за училиштето....................3
Извештај од спроведената самоевалуација....................4
Подрачје 1: Наставни планови и програми....................5
Подрачје 2: Постигања на учениците....................9
Подрачје 3: Учење и настава....................11
Подрачје 4: Поддршка на учениците....................17
Подрачје 5: Училишна клима....................22
Подрачје 6: Ресурси....................26
Подрачје 7:Управување, раководење и креирање политика ....................27

# УЧИЛИШНА КОМИСИЈА ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА

Директор

Жаклина Ристовска, ментор наставник

Катерина Наумовска, координатор за ИБ

Стручна служба (психолог, педагог, дефектолог)

Војче Китановски, родител од предметна настава

Тијана Блажевска,  родител од одделенска настава

Комисија за техничко средување

1. Билјана Индова
2. Божидар Мишиќ
3. Гоце Стојкоски

Комисија за лекторирање

1. Сунчица Петрева
2. Синиша Богоевски

Општи податоци за училиштето

| | |
|---|---|
| Период на самоевалуација | 2021-2022 и 2022-2023 |
| Вид на училиште | Општинско основно училиште |
| Основач | Општина Аеродром |
| Наставен јазик | македонски |
| Претседател на училишен одбор | Билјана Цветковска |
| Директор на училиштето | Анета Велкоска |
| Адреса на училиштето | ул.„Владимир Комаров"бр.5 |
| E-mail | brakamiladinovci_skopje@yahoo.com |
| Web страна | oubrakamiladinovci-aerodrom.edu.mk |

## Извештај од спроведената самоевалуација

Врз основа на член 129 став 1,2,3,4,5 и 6 од Законот за Основно образование, комисијата за изработување на самоевалуација на работата на ООУ„Браќа Миладиновци“, Аеродром, Скопје, за периодот 2022-2023 година, изврши самоевалуација на работата на училиштето.

Беа делегирани одговорни наставници за секое подрачје, кои ја координираа работата на членовите на секој тим. Тимовите во својата работа собираа податоци, спроведуваа анкети, вршеа истражувања, проверуваа документација, документираа и евалуираа. Одговорните на секој тим имаа средби со членовите на комисијата со цел дополнителни консултации и добивање на инструкции за тековната работа.

Се работеше на следните подрачја:

Подрачје 1: Наставни планови и програми
Подрачје 2: Постигања на учениците
Подрачје 3: Учење и настава
Подрачје 4: Поддршка на учениците
Подрачје 5: Училишна клима
Подрачје 6: Ресурси
Подрачје 7: Управување, раководење и креирање политика

Комисијата го изработи финалниот извештај во кој се содржани јаките и слабите страни са секое од подрачјата и беа извлечени приоритети за подобрување на работата на училиштето.

Подрачје 1: Наставни планови и програми

Индикатори за квалитет:
- За реализацијата на наставните планови и програми;
- За квалитетот на наставните планови и програми;
- За воннаставните активности;

| | |
|---|---|
| **Кратка текстуална анализа на резултатите** | Во текот на учебните години успешно се организира и реализира наставата и учењето.<br>**1.1 Реализација на наставните планови и програми**<br>Во училиштето наставните планови и програми редовно се изготвуваат и се во согласност со донесените програмски документи од МОН и БРО на РСМ. Во секоја учебна година се реализираат 180 наставни денови.<br>*Во однос на применуваните наставни планови и програми, поголемиот дел од наставниците се согласуваат со тоа дека истите обезбедуваат и постигнување на целите, при што родителите се согласуваат со истото, но има и некои кои се изјасниле и како неинформирани, односно не знаат.<br>*Што се однесува до информираноста на родителите и учениците за наставните планови и програми, наставниците се едногласно согласни, додека родителите се согласуваат со над 80%.<br>*Училиштето има програми за работа со деца со посебни образовни потреби кои учат во редовните паралелки и работат според НПП одобрен од МОН и прилагоден според нивните можности и потреби, тука се посебни програми (ИОП) за учениците со посебни потреби (пречи во развојот) вклучени во редовната настава, со помош на инклузивен тим.<br>*Училиштето нуди изборни предмети кои се избираат со анкетирање на родителите.<br>*Се планираат активности за реализација на слободни часови/проектни активности на училиштето. |

| | |
|---|---|
| | *Проширената наставна програма се организира за прифаќање и заштита на учениците од прво до петто одделение во согласност со родителите, половина час пред започнувањето на наставата и 90 минути по завршување на наставата со дежурен наставник.<br>**1.2. Квалитет на наставните планови и програми**<br>Квалитетот на наставните планови и програми се заснова врз родовата и етничка рамноправност и мултикултурните содржини.<br>*Се интегрираат карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставни помагала.<br>* Што се однесува до интегрирањето на општите (меѓупредметните) цели на образованието, училиштето е отворено за промени и подобрување на учењето преку иновирање за сите предмети од одделенска и предметна настава во однос на стандардите во оценувањето и водење на електронска документација.<br>*Од големо значење се предлозите на наставниците, родителите и социјалните партнери за подобрување на наставните планови и програми, при усна комуникација.<br>*Во училиштето се почитува родовата и етничка рамноправност и мултикултурната сензитивност во однос на наставните планови и програми. Сето тоа се постигнува преку реализирање на одредени содржини, работилници и одредени теми на часовите на одделенските раководители, како и преку соработка со педагошко- психолошката служба.<br>**1.3 Вонnаставни активности**<br>*Училиштето планира и целосно ги реализира планираните вонnанставни активности што служат за поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците при што се поттикнуваат на креативност, комуникација, толеранција. |

| | |
|---|---|
| | *Училиштето обезбедува услови за целосно вклучување на сите ученици во воннаставните активности без разлика на полот, етничката припадност и социјалното потекло што придонесува и за афирмација на учениците и училиштето. |
| **Јаки страни** | • Училиштето реализира во целост НПП, редовно изготвуваат годишни, тематски и дневни планирања, кои се одобрени од МОН и БРО.<br>• Наставниот кадар во соработка со стручната служба, ги адаптира наставните програми кон потребите на учениците.<br>• Учениците учествуваат и постигнуваат резултати на училишни, регионални, државни и меѓународни натпревари и со тоа вршат лична афирмација и афирмација на училиштето.<br>• Училиштето е отворено за промени и реализира проекти кои го прават училиштето поефективно и современо.<br>• Учениците се запознаени со текот на НПП, со начинот и методите на реализација и критериумите на оценување по сите наставни предмети.<br>• Учениците имаат можност да го искажат своето мислење и тоа да биде земено во предвид при решавањето на проблеми во одлучувањето.<br>• Во училиштето се реализираат програми во вид на презентации, работилници или трибини за меѓусебните односите.<br>• Наставниот кадар и стручната служба систематски ги идентификуваат образовните потреби на учениците.<br>• Наставниците целосно ги искористуваат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и подобрат планирањето и спроведувањето на наставата.<br>• Придобивките од учеството во вонаставните активности позитивно делуваат на учениците. |

| | |
|---|---|
| | • Со учениците со посебни образовни потреби, вклучени во редовната настава, се работи според ИОП.<br>• Училиштето има пропишана процедура за изготвување ИОП врз основа на наставните програми по сите наставни предмети со учество на дефектолог.<br>• Наставниците ги инволвираат учениците во изборот на изборни наставни предмети .<br>• Постои редовна и навремена соработка со стручната служба, раководниот орган во планирањето и реализирањето на истите. |
| **Слаби страни** | • Повеќе нагледни средства и ресурси во училниците за поквалитетна настава за учениците.<br>• Повеќе нагледни средства и ресурси во училниците за поквалитетна настава за учениците со посебни образовни потреби. |
| **Приоритети** | • Соработка со институции со цел организирање на обуки за подобра реализација на наставата и учењето на деца со посебни образовни потреби (пречки во развој), како и набавка на поголем број ресурси и нагледни средства.<br>• Обуки за прилагодување на НПП кон потребите, поквалитетно поучување на надарените ученици, учениците со пречки во развојот, децата со посебни потреби, нивното оценување и третман во училиштето. |

Подрачје 2: Постигања на учениците

Индикатори за квалитет:

- За постигањата на учениците;
- За задржувањето, осипувањето на учениците;
- За повторувањето на учениците;

| | |
|---|---|
| Кратка текстуална анализа на резултатите | Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигнувањата на учениците според полот и националност, по сите наставни предмети, за сите квалификациони периоди и презема активности за нивно подобрување. Врз основа на увидот во актуелните постигнувања на учениците, училиштето планира и презема конкретни активности за континуирано подобрување на постигнувањата на учениците. Училиштето има систем за идентификување и поддршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, надарените ученици, како и на учениците со пречки во развојот и континуирано го следи нивниот напредок.<br>Мал број од наставниците реализираат дополнителна настава за ученици што имаат слаби постигнувања по одделни предмети и додатна настава за учениците кои што покажуваат интерес и значителни резултати во определени области.<br><br>Училиштето доследно ја спроведува пропишаната политика за следење на хоризонталното и вертикалното движење на учениците.<br><br>Училиштето обезбедува услови за запишување на сите деца од реонот и услови за запишување на учениците со ПОП.<br>Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности. Училиштето ги реализира советувањата на родителите, за што води уредна документација, ги известува надлежните институции, врши анализи на резултатите од советувањето.<br>Училиштето континуирано го следи осипувањето на учениците (според полот, одделение/паралелка и етничката припадност) ги анализира причините и навремено презема конкретни активности да го намали осипувањето. |

| | |
|---|---|
| | Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго.<br><br>Сите ученици го завршуваат одделението, односно годината. Процентот на ученици во средното училиште што положиле завршен испит, училишна матура, државна матура и меѓународна матура е во постојан раст. |
| Јаки страни | Училиштето редовно и навремено ги следи постигнувањата и редовноста на учениците по пол и националност во текот на цела учебна година.<br>Училиштето ги идентификува и им дава поддршка на учениците со ПОП, надарените ученици како и учениците со потешкотии во учењето.<br>Училиштето ја почитува и уредно ја спроведува постапката при премин од едно во друго училиште.<br>Во последниве две години нема осипани ученици ниту ученици кои ја повторуваат учебната година. |
| Слаби страни | Помал дел од наставниците ги држат планираните часови по додатна и дополнителна настава. |
| Приоритети | Сите наставници да ги држат планираните часови по додатна и дополнителна настава. |

Подрачје 3: Учење и настава

Индикатори за квалитет:

- За планирањата на наставниците;
- За наставниот процес;
- За искуствата на учениците од учењето;
- За задоволувањето на потребите на учениците;
- За оценувањето како дел од наставата;
- За известувањето за напредокот на учениците;

| | |
|---|---|
| **Кратка текстуална анализа на резултатите** | Во нашето училиште во текот на учебните години успешно се организира и реализира наставата и учењето. Наставните планови и програми редовно се изготвуваат и се во согласност со донесените програмски документи од МОН и БРО на РСМ. Во секоја учебна година се реализираат 180 наставни денови, освен учебната 2020//21 година кога беа предвидени 159 наставни денови заради Ковид 19 и учебната година започна малку подоцна.<br>Училиштето на различни начини ги информира родителите за самите наставни планови и програми, преку Совет на родители и преку Училишен одбор за што позитивно се изјасниле дури 92 % од анкетираните родители.<br>Училиштето има програми за работа со деца со посебни образовни потреби кои учат во редовните паралелки и работат според НПП одобрен од МОН и прилагоден според нивните можности и потреби, тука се посебни програми (ИОП) за учениците со посебни потреби (пречи во развојот) вклучени во редовната настава, со помош на дефектолог.<br>Училиштето нуди изборни предмети кои се избираат со анкетирање на учениците. |

| | |
|---|---|
| | Што се однесува до проширените наставни програми, во планирањата на наставниот кадар и стручните соработници вклучени се содржини од Еколошката едукација во македонскиот образовен систем и Меѓуетнички интеграции (кај учениците за трето оделение додека за останатите одделенија со новата концепцица целиот наставен материјал е интегриран со еко и мио содржини) во образованието, во планирањата на слободните ученички активности, односно како посебни активности кои се реализираат како подолгорочни активности, кои се финализираат со хепенинзи, приредби , изложби, посети и слично.<br>Во училиштето се почитува родовата и етничка рамноправност и мултикултурната сензитивност во однос на наставните планови и програми. Сето тоа се постигнува преку реализирање на одредени содржини, работилници и одредени теми на часовите на одделенските раководители како и на часовите по историја и општество, но и преку соработка со педагошко- психолошката служба. Во однос на ова прашање 94,1 % од наставниците се изјасниле дека се однесуваат подеднакво со сите ученици без оглед на пол, етничка припадност и социјално потекло.<br>Интегрирањето на општите (меѓупредметните) цели на образованието, училиштето е отворено за промени и подобрување на учењето преку иновирање за сите предмети од одделенска и предметна настава во однос на стандардите во оценувањето и водење на електронска документација. 95 % од анкетираните наставници се согласуваат со тоа дека во училиштето се изработуваат проекти како начин за унапредување на знаењата.<br>Наставниците и родителите се вклучени во разгледувањето на наставните планови и програми и нивното прилагодување, за што 50 % од анкетираните родители позитивно се изјасниле.<br>Училиштето планира и целосно ги реализира планираните воннанставни активности што служат за поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците кои придонесуваат за нивниот личен и |

| | |
|---|---|
| | социјален развој, се поттикнуваат на креативност, комуникација, толеранција.<br>Училиштето обезбедува услови за целосно вклучување на сите ученици во воннаставните активности без разлика на полот, етничката припадност и социјалното потекло.<br>Пред почетокот на секоја учебна година, сите наставници изготвуваат годишни глобални и тематски планирања од задолжителната настава, исто така и од воннаставните активности, додатната и дополнителната настава. Во текот на учебната годината наставниците изработуваат и дневни планирања, кои ги содржат сите компоненти неопходни за успешна организација и реализација на часот (цели, исходи, методи и форми).<br>Во однос на тоа дека наставниците при планирањето соработуваат меѓусебе, или користат друга литература, 100 % од анкетираните наставници се изјасниле позитивно.Стручните активи имаат редовни состаноци на кои се обработуваат и споделуваат теми и искуства од наставата.<br>Во училиштето се реализира настава со примена на современи наставни форми, техники и методи, а се користат и разни инструменти за следење и вреднување на наставниците и учениците.<br>Изборот на задачи и активности (со различно ниво на сложеност) е прилагоден на индивидуалните образовни потреби на учениците, што им помага на учениците да ги постигнат предвидените цели на наставата.<br>Интеракцијата меѓу наставниците и учениците во нашето училиште е на одлично ниво.<br>Сите наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање. Во услови на online наставата, комуникацијата се одвиваше најчесто преку MS Teams и Zoom. Земено во просек, 100 % од анкетираните наставници одговориле позитивно во однос на одвивањето на самиот наставен процес. |

| | |
|---|---|
| | Во однос на искуствата на учениците од учењето, анкетираните ученици се изјасниле со 100 % позитивно, кои потврдиле дека се чувствуваат убаво на училиште, и дека училниците и другите простории во училиштето ги доживуваат како стимулирачка и мотивирачка средина која поттикнува интерес за учење. Анкетираните родители, се изјасниле позитивно дека постигањата на учениците и квалитетот на знаењата постојано се подобруваат.<br>Учениците сметаат дека во училиштето има задоволителна атмосфера за учење.<br>100 % од анкетираните наставници се изјасниле позитивно за тоа дека се промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање со учениците.<br>Наставниците заедно со стручната служба ги идентификуваат образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење на секој ученик и преземаат низа активности за нивно намалување, односно за нивно отстранување 100 % од анкетираните родители се изјасниле позитивно во однос на организирањето на дополнителна и додатна настава за учениците кои имаат потреба од тоа.<br>Во училиштето целосно се применуваат законските прописи кои го регулираат оценувањето на учениците. И учениците и родителите се запознаени со стандардите и кодексот на оценување. Сите анкетирани наставници, односно 100 % се изјасниле позитивно во однос на редовно давање информации за оценувањето на самите ученици.<br>Наставниците користат најразлични инструменти, стратегии и методи за оценување (формативно и сумативно) при што континуирано се следи напредокот и успехот на учениците. Се користат критериуми за оценување кои се јавни и достапни за учениците и родителите, за што позитивно се изјасниле 90 % од анкетираните наставници. |

| | |
|---|---|
| **Јаки страни** | • Училиштето реализира во целост НПП, редовно изготвуваат годишни, тематски и дневни планирања, кои се одобрени од МОН и БРО.<br>• Наставниот кадар во соработка со стручната служба, ги адаптира наставните програми кон потребите на учениците.<br>• Учениците учествуваат и постигнуваат резултати на училишни, регионални, државни и меѓународни натпревари и со тоа вршат лична афирмација и афирмација на училиштето.<br>• Училиштето е отворено за промени и реализира проекти кои го прават училиштето поефективно и современо.<br>• Учениците се запознаени со текот на НПП, со начинот и методите на реализација и критериумите на оценување по сите наставни предмети.<br>• Учениците имаат можност да го искажат своето мислење и тоа да биде земено во предвид при решавањето на проблеми во одлучувањето.<br>• Во училиштето се реализираат програми во вид на презентации, работилници или трибини за меѓусебните односите.<br>• Наставниот кадар и стручната служба систематски ги идентификуваат образовните потреби на учениците.<br>• Наставниците целосно ги искористуваат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и подобрат планирањето и спроведувањето на наставата.<br>• Придобивките од учеството во вонаставните активности позитивно делуваат на учениците.<br>• Со учениците со посебни образовни потреби, вклучени во редовната настава, се работи според ИОП.<br>• Училиштето има пропишана процедура за изготвување ИОП врз основа на наставните |

| | |
|---|---|
| | програми по сите наставни предмети со учество на дефектолог.<br>• Наставниците ги инволвираат учениците во изборот на изборни наставни предмети .<br>• Постои редовна и навремена соработка со стручната служба, раководниот орган во планирањето и реализирањето на истите. |
| **Слаби страни** | • Повеќе нагледни средства и ресурси во училниците за поквалитетна настава за учениците.<br>• Повеќе нагледни средства и ресурси во училниците за поквалитетна настава за учениците со посебни образовни потреби. |
| **Приоритети** | • Соработка со институции со цел организирање на обуки за подобра реализација на наставата и учењето на деца со посебни образовни потреби (пречки во развој), како и набавка на поголем број ресурси и нагледни средства.<br>• Обуки за прилагодување на НПП кон потребите, поквалитетно поучување на надарените ученици, учениците со пречки во развојот, децата со посебни потреби, нивното оценување и третман во училиштето. |

Подрачје 4: Поддршка на учениците

Индикатори за квалитет:
- За севкупната грижа за учениците;
- За здравјето;
- За советодавната помош на учениците;
- За следењето на напредокот;

| | |
|---|---|
| Кратка текстуална анализа на резултатите | Во нашето училиште има пропишано мерки за безбедност за учениците во текот на наставата. Инфраструктурата во училиштето е безбедна и не претставува потенцијална опасност за учениците и вработените. Од увидот во документацијата нема пријавено воопшто никакви физички повреди на учениците во училиштето. Редовно се внимава, пријавува и санира секое евентуално појавување на потенцијално небезбедна инфраструктура.<br>Примарна цел во нашето училиште е постигнување на високо ниво на меѓусебна соработка, другарско однесување, искреност и почит како помеѓу соучениците така и помеѓу учениците, наставниците, родителите и сите инволвирани страни во образовниот процес и заедничкото живеење во училиштето и неговото опкружување. Во нашето училиште забранети се сите видови психичко и физичко насилство. На почетокот на учебната година сите инволвирани страни во нашето училиште (ученици, вработени и родители) се информираат/потсетуваат дека во училиштето има донесено интерен акт – Политика, правила на однесување на учениците, вработените и родителите којшто сите доследно треба да го почитуваат и претставува една од мерките на превенција од несоодветно и насилно однесување. Покрај интерниот акт донесен е Протокол за постапката за пријавување и заштита на ученик, жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување и се постапува според истиот за секој вид на насилство. Во училиштето се реализираат работилници од Стручната служба. За интерниот акт, постапките и протоколите, како и за меѓусебната соработка со наставниците и стручната служба учениците се информираат на почетокот на учебната година од одделенскиот раководител на одделенскиот час, родителите на родителска средба и Советот на родители. Учениците се едуцираат како да препознаваат облици на насилство, како да се заштитат од истите, како до превенција од меѓусебно насилство, |

| | |
|---|---|
| | омраза и други типови на нетрпение во училиштето. За учениците за кои постои сомневање дека се физички или ментално злоупотребени, се известува контак лицето, се евидентира во соодветен формулар, се пријавува случајот и се преземаат соодветни мерки според Протоколот за постапување со насилство и Законот за основно образование. Соодветни мерки пропишани во Правилникот за педагошки мерки се преземаат и за учениците кои манифестираат било каков вид насилно/несоодветно однесување.<br>Училиштето има политика за забрана за пушење , консумирање на алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични супстанци За учениците се организираат предавања од страна на Тимот за грижа за здравјето заедно со предметни наставници по биологија/природни науки и Црвениот крст.<br>Во училиштето се внимава на квалитетот на храната која е понудена на учениците. За исхраната на учениците, е организирана фирма која има склучено договор со училиштето. Советот на родители е вклучен при изборот на исхраната на учениците, притоа внимавајќи на нејзиниот квалитет и разновидност. Училиштето го утврдува квалитетот на храната преку редовни контроли од страна на надлежните институции и во соработка со општината.<br>Инклузијата на децата со посебни потреби нашето училиште се изведува непречено и континуирано. Училиштето на секој начин помага за редовната настава на сите ученици, за нивно напредување во учењето и поттик и поддршка за успеси во нивните можности и способности.Директорот има формирано училишен инклузивен тим, кој има програма за работа и води грижа активностите од програмата за работа да се усогласени и да се применувани во воспитно – образовната работа. Во училиштето има формирано и инклузивни тимови за ученици, кои во фокусот на својата работа ги имаат конкретните ученици и изготвување и реализирање на нивните индивидуални образовни планови.<br>Во изминатите две учебни години во училиштето нема запишано ученици со телесни пречки во развојот , но сепак е потребно училиштето да биде подготвено. Треба да се прилагоди просторот во ходниците и во училниците за нивно движење, да се постави лифт во училиштето, а потребно е да постои и посебен тоалет што е достапен за нивна употреба. Училиштето има пропишана Процедура за грижа за учениците со пречки во развојот/физичка попреченост.<br>Училиштето презема мерки преку кои им помага на учениците кои се од социјално загрозени семејства и имаат потреба од помош. |

| | |
|---|---|
| | Во поддршката на овие ученици е вклучена и локалната заедница, односно во соработка со Општина Аеродром, учениците од социјално ранливата група се ослободени од плаќање за топол оброк.<br>На хигиената во училиштето се внимава редовно, и од страна на вработените и од страна на учениците. Училиштето има правилник за работа на техничкиот персонал, кој се придржува и работи по него во областа на нивните задолженија и активности. Во училиштето редовно се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација. Наставниците воспитно делуваат на хигиенските навики кај учениците и водат информативни разговори за одржување на хигиена и заштита од болести. Сите вработени, како и ученици редовно вршат систематски прегледи,санитарни прегледи.<br>Училиштето има Тим за професионална ориентација на учениците со свој акциски годишен план кој е составен дел од годишната програма за работа на училиштето.<br>Со професионалната ориентација им помагаме на учениците да се одлучат каде да го продолжат школувањето и да се насочат кон професиите, кои најмногу би им одговарале на нивните психофизички способности и во која професија ќе имаат најмногу изгледи за добра прилагоденост. Со програмата за професионална ориентација им помагаме на учениците при изборот на средното училиште, а при тоа изборот да биде во согласност со нивните особености, способности и афинитети.Стручните соработници ги координираат класните раководители, предметните наставници по македонски јазик и ликовна уметност. Во тимот за професионална ориентација на учениците, согласно програмата за учениците од 8мо и 9то одделение, покрај стручната служба активно се вклучени и одделенски раководители на осмите и деветите одделенија, наставници по граѓанско образование и иновации, наставници по македонски јазик и ликовно образование. Тимот секоја учебна година работи согласно годишна програма со т***ековни задолженија.*** На почеток од второ полугодие со учениците од деветите одделенија психологот спроведува анкета од која се добиваат првичните информации за желбата каде би сакале да продолжат.Паралелно стручниот соработник ги координира и организира презентациите од страна на средните училишта со нивно вклучување дел на одделенските часови, дел како воннаставна активност после часовите. Од страна на психологот се спроведува редовно тестирање со RIASEC тест - инструмент за професионална ориентација, како и запознавање со апликација на мобилен телефон каде можат да добијат резултати за своите интереси, таленти, способности и вредности.<br>Училиштето од страна на стручна служба има изработено Интерна процедура за |

| | |
|---|---|
| | откривање и евидентирање на ученици со емоционални потешкотии и/или социјално загрозени. Паралелно со процедурата има изготвено и изгласано и План за работа со ученици со емоционални проблеми.<br>Во текот на целата учебна година во континуирана соработка наставниците и /или родителите ја информираат стручната служба доколку забележат промени кај учениците. Се врши опсервација на ученикот, се вклучуваат и родителите на разговор – интервју, како би се добиле информации за можните извори на емоционалните потешкотии и истото би помогнало за поефективно заедничко/партнерско работење во процесот на надминување на тешкотијата. Стручните соработници по потреба спроведуваат редовни советодавни средби, индивидуални часови и/ или интервентни средби со учениците и родителите. Советување и консултативни разговори со одговорните наставници за проблемите и начинот на однесување кон овие ученици. Работилници на истава тема се спроведени и со ученици и со наставниот кадар. Во исклучителни – поспецифични случаи родителот се советува да побара стручна помош и од специјализирани институции. Од страна на стручната служба се посветува максимална грижа за менталното здравје на учениците, работејќи преку низа на работилници на многу различни теми кои поддржуваат развој на себегрижа, себемпатија, резилиентност и низа на компетенции за справување со стрес и тековни животни ситуации. Покрај групни активности, реализирани се и индивидуални советодавни активности како со ученици, така и со родители и наставници, согласно Планот за работа.<br>Наставниците постојано ја евидентираат работата на учениците што придонесува за целосен преглед за усвоеноста на наставниот материјал како и напредок кај учениците. Секој наставник во предметна и одделенска настава води евиденција преку најразлични инструменти.Евиденцијата за постигнувањата на учениците им е достапна на наставниците, учениците и на нивните родители. Со податоците редовно се запознаваат родителите на индивидуални средби, на групни родителски средби и отворени денови со одделенскиот раководител и предметните наставници. Анализа на напредокот на учениците по паралелки се прават редовно за секоја учебна година по квартали. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес. Евиденцијата што се води за напредокот и постигнувањата на учениците, нивната присутност и поведение, се разгледува на одделенските совети, на наставничките совети, со родителите на родителските средби и индивидуални средби, како и на состаноци на Советот на родители. За подобрување на резултатите на учениците и наставата, |

| | |
|---|---|
| | функционираат активите по сродните предмети кои соработуваат, за решавање на одредени проблеми или надминување на слабостите по соодветните предмети, реализирање на дополнителна настава, редовно давање домашна задача. Овие активности се координирани од Директорот на училиштето и стручната служба во училиштето, се со цел постигнување на подобри индивидуални ученички резултати како и за подобрување на резултатите на ниво на училиште. |
| Јаки страни | ✓ Севкупна грижа за учениците<br>✓ Безбедна инфраструктура, сертифициран кадар за прва помош и реализирани вежби симулација<br>✓ Превенција од насилство со изготвени процедури, упатство, интерен акт и практично реализирани активности/работилници<br>✓ Грижа за квалитетот на достапната храна<br>✓ Грижа за ученици од социјално загрозени семејства<br>✓ Грижа за ученици со здравствени проблеми<br>✓ Советодавна помош при избор на понатамошно образование<br>✓ Грижа за пријавените ученици со емоционални потешкотии<br>✓ Анализа на напредокот на успех, поведение и редовност на учениците по паралелки |
| Слаби страни | ✓ Немање на процедура за обезбедување на средства и/или ослободување од одредени давачки за учениците што се социјално загрозени<br>✓ Хигиената во тоалетите, училниците и училишниот инвентар |
| Приоритети | 1.Да се подобри хигиената во тоалетите, училниците и училишниот инвентар<br>2.Да се изготвуви процедура за обезбедување на средства и/или ослободување од одредени давачки за учениците што се социјално загрозени |

Подрачје 5: Училишна клима

Индикатори за квалитет:

- За училишната клима и односите во училиштето
- За промовирањето на постигањата;
- За еднаквоста и правичноста;
- За партнерскиот однос со родителите и со локалната и деловната заедница

| | |
|---|---|
| Кратка текстуална анализа на резултатите | Според анализите од анонимните анкети за вработени,родители и ученици и посочените извори на податоци може да се заклучи следново:<br>▪ Училиштето е препознатливо по високиот квалитетот на работа и постигањата на учениците во различни области, како и остварување на визијата и мисијата на училиштето. (93% од вработените, родителите и учениците) Тоа се грижи за здравјето и безбедноста на учениците, ги негува родовата сензитивност и мултикултурализмот, ја поддржува инклузивноста и ја зајакнува партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. (98,6% од вработените, родителите и учениците). Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него.(97,3% од анкетираните).Кодексот на однесување е со поставени принципи и правила на однесување на сите структури во училиштето и се реагира редовно во случај на прекршување на принципите и правилата вградени во него. (76,6% од анкетираните) Истиот е дополнет со новите протоколи за пандемијата Ковид 19 и имплеметирени се новите насоки од МОН за учебната 2021/22 година.Односот помеѓу наставниците и сите вработени се базира на почитување, соработка и тимска работа (100% од вработените), а професионална соработка помеѓу вработените придонесува за постоење на добра атмосфера во училиштето која се пренесува на родителите и посетителите. (92,3% од анкетираните)<br>▪ Стручна служба истакна дека заедничката, тимската работа меѓу наставниците и стручната служба вроди со плод и надминување на ситуации и проблеми со ученици кои во кратки периоди немаа соодветно однесување. Во овие две учебни години редовно се одржуваа многу работилници, дебати, од родители, од предавања од гости експерти и работа со ученички парламент се во интерес на примерно |

| | |
|---|---|
| | поведение и одлична дисциплина за време на часовите и вон наставата. Позитивно е дека учениците и вработените ги почитуваат усвоените правила на однесување, постои работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности, а вработените постојано се грижат за однесувањето на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување во училиште. Учениците се совесни, учтиво се однесуваат и соработуваат меѓусебно и со наставниот кадар и училиштето соодветно го применува правилникот за изрекување педагошки мерки. Партиципација на учениците е на солидно ниво според исказите поголемиот дел од учениците кои се согласуваат дека целосно учествуваат во решавање проблеми кои се поврзани со нив.<br>▪ Училиштето има начин на промовирање на личните постигања на сите ученици во рамките на училиштето и во пошироката локална средина. Учениците имаат можности (согласно своите способности и интереси) да ги изразат своите креативни потенцијали во наставата и во воннаставните активности. Тоа води грижа за постигањата на учениците како и за промовирање на истите преку сите можни електронски мрежи за комуникација (FB на учиштето, Web страната и елктронскиот весник на Општина Аеродром) , преку медиуми, на родителски средби , изложување на трудовите и освоените награди во холот на училиште. Училиштето става голем акцент на постигнувањата на сите ученици. Наставниот кадар успешно ја организира средината за учење и успешно го користи пофалувањето како начин на мотивирање.<br>▪ Стручната служба, наставниците и сите вработени во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата и ги заштитуваат во случај на нивно нарушување. Училиштето настојува да има еднаков и правичен третман на своите ученици. Учениците без оглед на својата национална припадност подеднакво учествуваат во наставните и воннаставните активности во зависност од своите интереси, афинитети, можности и вештини.Мултикултурализмот е застапен и во самите наставни програми и училиштето постојано води сметка за прифаќање и промовирање на мултикултурализмот и покрај тоа што бројот на ученици од различно етничко потекло е многу мал, овој однос е исполнет со толеранција и разбирање.<br>▪ Родителите имаат слободен и јасен пристап до сите информации кои се однесуваат на целите, организацијата, тековните и идните планирани активности, постои |

| | |
|---|---|
| | одлична соработка и разбирање со родителите и се одлично прифатени од страна на вработените. Училиштето ги почитува мислењата од родителите. Училиштето преку заеднички проекти, организирање и учество во настани е активно вклучено во работата на локалната заедница и има добра соработка со деловната заедница која во овие две учебни години е со поголем интензитет. |
| Јаки страни | ▪ Училиштето е препознатливо по високиот квалитет на настава и ИБ меѓународна програма. (99,3% од анкетираните)<br>▪ Во училиштето се почитува Кодексот на однесување од вработените, учениците и родителите и истиот е усогласен со кодексите за однесување за време на кризна состојба.<br>▪ Куќниот ред на училиштето е истакнат на видно место.<br>▪ Наставниот кадар и стручната служба покажуваат високо ниво на взаемно почитување и почитување кон сите ученици во училиштето и истото е резултат на добра соработка и взаемна доверба.<br>▪ Дисциплината на учениците е добра и постои работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности.<br>▪ Преку ученичка заедница на сите нивоа ( од паралелка до училиште ) учениците дискутираат за разни теми и донесуваат одлуки од нивен интерес и редовно одржуваат состаноци, а видливо од Записниците на Ученичката заедница и се навремено и целосно се информирани од ученичката заедница за сите работи што се од нивни непосреден интерес и учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки во врска со тие работи.<br>▪ Вработените внимателно, правилно, креативно се справуваат со проблеми кои се однесуваат на дисциплината и редовноста, поради што нема прекини во учењето и наставата.<br>▪ Учениците со пречки во развојот се добро прифатени од учениците и вработените и се вклучени во сите активности кои се изведуваат.<br>▪ Не постои поделба помеѓу учениците според социјалениот статус, пол, возраст и вероисповед.<br>▪ Родителите имаат слободен и јасен пристап до сите информации кои се однесуваат на целите, организацијата, тековните и идните планирани активности. и се прифатени од страна на вработените кои ги почитуваат нивните мислења.<br>▪ Училиштето има систем на наградување на учениците што постигнале успех и за |

| | |
|---|---|
| | наставниците што помогнале во тоа во сите области преку кои го промовирале училиштето.<br>▪ Училиштето води грижа за постигањата на учениците како и за промовирање на истите преку сите можни електронски мрежи за комуникација (FB на училштето, Web страната и елктронскиот весник на Општина Аеродром) , преку медиуми, на родителски средби , изложување на трудовите и освоените награди во холот на училиште.<br>▪ Училиштето соодветно го применува правилникот за изрекување на педагошки мерки.<br>▪ Вработените ги познаваат и почитуваат правата на децата<br>▪ На родителите им се овозможува вклучување во наставните и вонnаставните активности<br>▪ Постои меѓуетничката соработка на училиштето со други училишта.<br>▪ Училиштето преку заеднички проекти, организирање и учество во настани е активно вклучено во работата на локалната заедница.<br>▪ Континуирана соработка за реализирање на активности од еколошка програма.<br>▪ Училиштето промовира мултиетничка интеграција и инклузивност.<br>▪ Постојат повеќе конкретни примери за успешна соработка со деловната заедница. |
| **Слаби страни** | • Поголемиот број (52%) родители не знаат дека во изработката на Кодексот учествувале претставници од сите структури во училиштето.<br>• Дел од учениците делумно се согласуваат или не се согласуваат дека во училиштето нема закани, говор на омраза, провокации, навреди или пишани графити со негативни пораки.<br>• Учениците недоволно се запознаени со Еко кодексот<br>• Недоволно ажурирање со официјални документи на училиштето и состав на родители според најнови податоци на веб страната. |
| **Приоритети** | • Да се запознаат родителите со начинот како е изготвен Кодексот на однесување на училиштето дека учествувале претставници од сите структури во училиштето на родителските средби.<br>• Да се продолжи во конитинуитет, како и овие 2 учебни години со работилници, дебати и други форми за спречување на говор на омраза, провокации, навреди или пишани графити со негативни пораки.<br>• Учениците на одделенските часови да се запознаат со Еко кодексот и да се обнови |

| | |
|---|---|
| | Еко кодексот ќе се постави на видно место во училишниот хол.<br>• Континуирано да се ажурира ВЕБ страната на училиштето во сите компоненти, зошто таа е јавно средство на промовирање на училиштето и има информации како училиштето работи.<br>• Да се овозможи промовирањето на постигањатаа на учениците преку разгласна станица и училишен весник која ќе овозможи во исто време сите вработени и ученици да бидат целосно и подобро информирани. |

\Подрачје 6: Ресурси

Индикатори за квалитет:

- За сместувањето и просторните капацитети;
- За наставните средства и материјали;
- За обезбедувањето на потребниот наставен кадар;
- За следењето на развојните потреби на наставниот кадар;
- За финансиско работење во училиштето

| | |
|---|---|
| Кратка текстуална анализа на резултатите | По извршената самоевалуација, по однос на првата област за сместување и просторни капацитети, голем дел од наставниците се задоволни од просторните капацитети но не е мал ниту бројот на наставници кои сметаат дека потребно е проширување и подобрување на капацитетите со цел наставата да се одвива во уште подобри услови.<br>Во однос на втората област за наставни средства и материјали, една четвртина од наставниците сметаат дека училишната библиотека не ги исполнува современите критериуми а скоро една третина сметаат дека училиштето не располага со доволен фонд наставни средства и помагала. Огромен дел од наставниците сметаат дека наставните средства и помагала не се обновуваат редовно. Потребно е во училишните библиотеки (голема и мала) да се зголемат лектирните изданија и стручната литература. Мислењето е поделено во однос на тоа дека училиштето има доволно потрошен материјал. Конечно голем дел од наставниците сметаат дека училиштето постигнува задоволителни резултати со постојаните ресурси.<br>Во однос на третата област за обезбедување на наставниот кадар училиштето ги има обезбедено потребните наставен и административно-технички персонал за реализирање на целокупниот процес при што кадарот е ефективно распореден.<br>Во однос на четвртата област за следење на развојните потреби на наставниот кадар, голем дел од наставниците сметаат дека им е овозможено стручно усовршување, како и дека целите и приоритетите за стручното усовршување се јасни. Нововработените постапно се воведуваат во работата со соодветна поддршка. За крај голем дел од наставниците се задоволни или делумно задоволни од можностите за понатамошно усовршување. |

| | |
|---|---|
| | За крај во однос на последната област за финансиското работење на училиштето, се задоволуваат само најосновните потреби и за таа цел потребни се дополнителни средства за финансирање. |
| Јаки страни | ✣ Постојат соодветни и пријатни просторни услови за одвивање на наставата, за работа на наставниот кадар и за организирање на вонннаставни активности за учениците.<br>✣ Училиштето ги исполнува стандардите за енергетски ефикасен објект. |
| **Слаби страни** | |
| **Приоритети** | Училиштето и понатаму континуирано да ги следи обуките организирани од МОН и акредитирани организации од МОН и IB организацијата |

## Подрачје 7: Управување, раководење и креирање политика

Индикатори за квалитет:
- За управувањето/раководењето со воспитно-образованата установа;
- За целите и за креирањето на образовната политика;
- За развојното планирање

| | |
|---|---|
| Кратка текстуална анализа на резултатите | - Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето.<br>- Работата на УО е јасно дефинирания со Деловникот за работа на УО. Училишниот одбор се избира јавно и демократски, по навремено дадена покана одржува редовни состаноци, се читаат записниците и се гласа демократски за одлуките.<br>- Раководниот орган има визија за развојот на училиштето, професионалниот развој на наставниците и унапредувањето на наставата и оценувањето.<br>- Вработените добро ги познаваат и разбираат мисијата и визијата, а останатите чинители се запознаени со нив. Училиштето ги мобилизира сите релевантни субјекти (вработените, структурите во училиштето, учениците, локалната заедница) да работат на остварување на мисијата и визијата.<br>- Вработените активно учествуваат во креирањето и остварувањето на целите на училиштето со севкупното работење (изготвување и целосна реализација на наставниот план и програма како и наставните цели, меѓусебна соработка и споделување идеи и искуства, организирање и учество на презентации, работилници и приредби, натпревари, обуки, состаноци).<br>- Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Сите вклучени страни, вработените, родителите и учениците активно учествуваат во креирањето на целите, начелата и вредностите на училиштето и се запознаени со начинот на нивно остварување и подобрување.<br>- Училиштето има изготвен акциски план за остварување на резултатите во поставените цели и доследно ги спроведува. Училиштето има план за следење и евалуација на реализација на активностите и постигање на поставените индикатори за успешност. - Целиот извештај е донесен врз основа на анкетни прашалници, интервјуа, записници, извештаи, увиди… |

| | |
|---|---|
| Јаки страни | * Работата на УО е јасно дефинирана со Деловникот за работа на УО и поткрепена со записници<br>* Силна страна на раководниот орган му се комуникациските вештини, одржувањето добри односи помеѓу сите учесници во наставата, промовира и поддржува тимска работа. Овозможува демократска размена на мислења, почитува мислења при одлучувањето и ги стимулира стручните активи да се насочат кон професионален развој. Во соработка со одговорните на стручните активи ги идентификува потребите од нагледни средства и потрошен материјал и навремено ги набавува.<br>* Училиштето има изготвен акциски план за остварување на резултатите во поставените цели и доследно ги спроведува<br>* Вработените добро ги познаваат и разбираат мисијата и визијата, а останатите чинители се запознаени со нив. Училиштето ги мобилизира сите релевантни субјекти (вработените, структурите во училиштето, учениците, локалната заедница) да работат на остварување на мисијата и визијата. |
| Слаби страни | - Обуки за новоименуваните членови на УО |
| Приоритети | - Училиштето веќе има аплицирано за обука за новоименуваните членови на Училишниот одбор, заради успешно, соодветно и професионално извршување на улогата на управување. Исто така, училишниот одбор активно учествува во креирањето политики и води училишни политики во кои се афирмира инклузивноста на училиштето, меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество. |

Комисијата го доставува извештајот до Училишниот одбор, директорот, основачот и ДИЦ.

Датум
Август, 2023

Директор
Анета Велкоска

Училишен одбор

Претседател

**ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ ,,БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ,,- АЕРОДРОМ СКОПЈЕ**
**ул.,,Владимир Комаров" бр.5, Скопје, Аеродром, тел.2 460-479, меил: brakamiladinovci_skopje@yahoo.com**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Општинско Основно училиште
Браќа Миладиновци
Бр.02-322/7
13.07 2023 год.
Општина Аеродром, Скопје

Врз основа на член 108 од Законот за основното образование („Сл. весник на РСМ" број **161/19 и 229/20**), Училишниот одбор на **ООУ ,,Браќа Миладиновци "** на својата редовна седница одржана на ден 13.07.2023 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А

**Усвојување на извештајот за Самоевалуација на училиштето за период 2021-2023 година.**

1. Членовите на училишниот одбор донесоа Едногласна одлука за **усвојување на извештајот за Самоевалуација на училиштето за период 2021-2023 година.**

2. Оваа Одлука стапува во сила веднаш по нејзиното донесување.

**Упатство за правно средство:Против оваа Одлука постои право на приговор во рок од осум дена од денот на истакнување на огласна табла.**

УЧИЛИШЕН ОДБОР
**Претседател**
**Билјана Цветковска**